Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија“ бр.27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/2019, 14/2020 и 208/2024), и член 28 став (2) точка 5 од Законот културата ("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013,44/2014, 61/15, 154/15, 39/16, 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 265/2024), директорот на Националната установа Национална опера и балет, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Националната установа Национална опера и балет**

Член 1

Со овој правилник се вршат измени во Правилникот за систематизација на работните места во Националната установа Национална опера и балет, со архивски број 01-1685/3 од 27.08.2020 година, 01-1685/4 од 14.09.2020, 01-1685/5 од 20.11.2020, 01-545/1 од 22.02.2021, 01-545/3 од 22.07.2021, 01-100/1 од 17.01.2022, 01-100/2 од 01.04.2022, 01-2956/1 од 30.08.2022, 01-638/1 од 13.02.2024, 01-3210/1 од 05.09.2024 и 01-3760/1 од 21.10.2024 година.

Член 2

Во членот 6 став (1), работни места на административни службеници, ниво Б2, се зголемува бројот на работни места од 3 на „4“ и се додава точката:

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 4. | Раководител на сектор за јавни набавки | 1 | 0 |

Член 3

Во членот 6 став (1), работни места на административни службеници, ниво В1, се намалува бројот на работни места од 4 на „2“ и се бришат точките под реден број 1 и 3:

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 1. | Советник за човечки ресурси | 1 | 0 |
| 3. | Советник внатрешен ревизор | 1 | 0 |

Член 4

Во членот 6 став (1), работни места на административни службеници, ниво В2, во точка 1, назив на работно место виш соработник сметководител, се намалува бројот на извршители од 2 на „1“.

Член 5

Во членот 6 став (1), работни места на административни службеници, ниво В2, работното место под точка 2, виш соработник за човечки ресурси, се менува и гласи:

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 2. | Виш соработник за јавни набавки | 1 | 0 |

Член 6

Во членот 6 став (1), работни места на административни службеници, по ниво В2 со две работни места, се додава ниво В3 со едно работно место и тоа:
- Ниво В3-1, и тоа:

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 1. | Соработник за јавни набавки | 1 | 0 |

Член 7

Во членот 6 став (1), работни места на административни службеници, ниво В4, во точка 1, назив на работно место самостоен референт сметководител, се намалува бројот на извршители од 2 на „1“, и во точка 2, назив на работно место самостоен референт материјален книговодител со ликвидитура се намалува бројот на извршители од 2 на „1“.

Член 8

Во членот 6 став (2), работни места на даватели на јавни услуги, категорија А - уметници, ниво А1, во точка 1, назив на работно место оперски солист првенец, се намалува бројот на извршители од 12 на „10“.

Член 9

Во членот 6 став (2), работни места на даватели на јавни услуги, категорија А - уметници, ниво А1, се зголемува бројот на работни места од 3 на „4“ и се додава точката:

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 4. | Концерт мајстор солист | 1 | 0 |

Член 10

Во членот 6 став (2), работни места на даватели на јавни услуги, категорија А - уметници, ниво А3, во точка 2, назив на работно место истакнат оперски солист, се зголемува бројот на извршители од 9 на „11“.

Член 11

Во членот 6 став (2), работни места на даватели на јавни услуги, категорија А - уметници, ниво А3, во точка 17, назив на работно место истакнат балетски играч солист, се намалува бројот на извршители од 12 на „11“.

Член 12

Во членот 6 став (2), работни места на даватели на јавни услуги, категорија А - уметници, ниво А4, во точка 4, назив на работно место оперски солист носител на средни улоги, се зголемува бројот на извршители од 7 на „9“.

Член 13

Во членот 6 став (2), работни места на даватели на јавни услуги, категорија А - уметници, ниво А4, се зголемува бројот на работни места од 18 на „20“ и се додаваат точките:

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 19. | Друг уметник втора група - туба со бас тромбон | 1 | 0 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 20. | Друг уметник втора група – координатор на оркестар | 1 | 0 |

Член 14

Во членот 6 став (2), работни места на даватели на јавни услуги, категорија А - уметници, ниво А5, во точка 2, назив на работно место оперски солист носител на епизодни улоги, се зголемува бројот на извршители од 5 на „6“

Член 15

Во членот 6 став (2), работни места на даватели на јавни услуги, категорија А - уметници, ниво А5, во точка 13, назив на работно место балетски играч носител на епизодни улоги, се намалува бројот на извршители од 11 на „9“.

Член 16

Во членот 6 став (2), работни места на даватели на јавни услуги, категорија А - уметници, ниво А6, во точка 5, назив на работно место хористи, се зголемува бројот на извршители од 78 на „80“

Член 17

Во членот 6 став (2), работни места на даватели на јавни услуги, категорија А - уметници, ниво А6, во точка 6, назив на работно место балетски играч во ансамбл, се зголемува бројот на извршители од 40 на „44“.

Член 18

Во членот 6 став (2), работни места на даватели на јавни услуги, категорија Б-уметнички соработници за подготвување на сценски и музичко-сценски дела, ниво Б1, се намалува бројот на работни места од 4 на „3“ и се брише точката:

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 4. | Режисер | 1 | 0 |

Член 19

Во членот 6 став (2), работни места на даватели на јавни услуги, категорија В-стручни сценски работници, ниво В1, се намалува бројот на работни места од 2 на „1“ и се брише точката:

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 1. | Помошник раководител одговорен за костимирање | 1 | 0 |

Член 20

Во членот 6 став (2), работни места на даватели на јавни услуги, категорија Г-стручни соработници во дејности од областа на културата, ниво Г1, се зголемува бројот на работни места од 6 на „8“ и се додаваат точките:

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 7. | Друг раководител во Опера– за музичко-сценска режија | 1 | 0 |
| 8. | Друг раководител во Балет – одговорен педагог, репетитор и кореограф | 1 | 0 |

Член 21

Во членот 6 став (2), работни места на даватели на јавни услуги, категорија Г-стручни соработници во дејности од областа на културата, ниво Г3, се намалува бројот на работни места од 9 на „8“ и се брише точката:

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 8. | Друг соработник во културата – во дирекција на НОБ | 1 | 0 |

Член 22

Во членот 6 став (3), работни места на помошно-техничките лица, во точка 1, ниво 05 А01 назив на работно место друг работник за сценско визуелни ефекти – машинист ракувач на сцена, бројот на извршители се намалува од 3 на „2“.

Член 23

Во членот 6 став (3), работни места на помошно-техничките лица, во точка 2, ниво 05 А01 назив на работно место друг работник за сценско визуелни ефекти – електроничар ракувач на сцена, бројот на извршители се намалува од 3 на „2“.

Член 24

Во членот 6 став (3), работни места на помошно-техничките лица, во точка 10.1, ниво 01 А02 назив на работно место друг одговорен сценски работник – електричар за општо одржување, се намалува бројот на извршители од 4 на „3“.

Член 25

Во членот 6 став (3), работни места на помошно-техничките лица, во точка 24, ниво 01 Б02 назив на работно место друг работник за одржување на објекти – возач/набавувач/доставувач, се намалува бројот на извршители од 3 на „2“.

Член 26

Во членот 6 став (3), работни места на помошно-техничките лица, во точка 32, ниво 05 В01 назив на работно место гардеробер, се намалува бројот на извршители од 6 на „5“.

Член 27

Во табеларниот приказ на работни места, член 15, работното место под реден број 2, шифра КУЛ0102В01014, назив на работно место советник за внатрешна ревизија, со број на извршители 1, се брише.

Член 28

Во табеларниот приказ на работни места, член 15, работно место под реден број 8, шифра КУЛ0102В02006, назив на работно место виш соработник сметководител, во делот број на извршители, бројот 2 се менува и гласи „1“.

Член 29

Во табеларниот приказ на работни места, член 15, работно место под реден број 9, шифра КУЛ0102Г01003, назив на работно место самостоен референт сметководител, во делот број на извршители бројот 2 се менува и гласи „1“.

Член 30

Во табеларниот приказ на работни места, член 15, работно место под реден број 12, шифра КУЛ0102Г01002, назив на работно место самостоен референт материјален книговодител со ликвидатура, во делот број на извршители бројот 2 се менува и гласи „1“.

Член 31

Во табеларниот приказ на работни места, член 15, работно место под реден број 14.а, шифра КУЛ0401Б02005, назив на работно место друг работник за одржување – возач/набавувач/доставувач, во делот број на извршители бројот 3 се менува и гласи „2“.

Член 32

Во табеларниот приказ на работни места, член 15, работното место под реден број 22, шифра КУЛ0102В01010, назив на работно место советник за човечки ресурси, со број на извршители 1, се брише.

Член 33

Во табеларниот приказ на работни места, член 15, работното место под реден број 22.а, шифра КУЛ0102В02010, назив на работно место виш соработник за човечки ресурси, со број на извршители 1, се брише.

Член 34

Во табеларниот приказ на работни места, член 15, по работното место со реден број 23, назив на работно место помлад соработник за човечки ресурси, се додава нова организациона единица 5. Сектор за јавни набавки, со три работни места:

5. Сектор за јавни набавки

| | |
|---|---|
| Реден број и шифра | 23.а. КУЛ0102Б02008 |
| Звање на работно место | Раководител на сектор за јавни набавки |
| Назив на работно место | Раководител на сектор за јавни набавки |
| Ниво | Б2 |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Општествени науки: Право |
| Други посебни услови | Сертификат за лице за јавни набавки<br>Најмалку 5 години искуство во постапки за јавни набавки |
| Работни цели | Ефикасно, ефективно и квалитетно раководење, давање совети и насоки од делокруг на јавните набавки |
| Работни задачи | - ги следи и применува законските и подзаконските прописи од областа на јавните набавки,<br>- подготвува предлог годишен план за јавни набавки,<br>- спроведува анализа на пазарот за конкретна постапка за јавна набавка,<br>- изработува тендерски документации, во соработка со стручни и одговорни лица од други организациони единици, во зависност од видот и предметот на набавката,<br>- ги подготвува одлуките и сите други документи во врска со спроведување на постапките за јавни набавки,<br>- ги ажурира податоците во соодветните регистри и видови на евиденции на ЕСЈН,<br>- оценува административни службеници од непосредно пониско ниво и учествува во оценувањето на други административни службеници. |
| Одговара пред | Директорот на Национална опера и балет |

| | 23.б. КУЛ0102В02015 |
|---|---|
| Звање на работно место | Виш соработник за јавни набавки |
| Назив на работно место | Виш соработник за јавни набавки |
| Ниво | В2 |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Општествени науки: Право |
| Други посебни услови | Сертификат за лице за јавни набавки |
| Работни цели | Ефикасно, ефективно и квалитетно раководење, давање совети и насоки од делокруг на јавните набавки |
| Работни задачи | - ги следи и применува законските и подзаконските прописи од областа на јавните набавки,<br>- учествува во изработката на предлог годишен план за јавни набавки,<br>- учествува во изработката на тендерски документации и други документи во врска со спроведување на постапките за јавни набавки,<br>- ја следи реализацијата на договорите за јавни набавки,<br>- води евиденција на набавките под утврдените вредносни прагови и ги внесува податоците на ЕСЈН,<br>- собира и обработува податоци во врска со набавките,<br>- учествува во оценување на административни службеници. |
| Одговара пред | Раководителот на сектор |

| | 23.в. КУЛ0102В03017 |
|---|---|
| Звање на работно место | Соработник за јавни набавки |
| Назив на работно место | Соработник за јавни набавки |
| Ниво | В3 |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Општествени науки: Право |
| Други посебни услови | Сертификат за лице за јавни набавки |
| Работни цели | Ефикасно, ефективно и квалитетно раководење, давање совети и насоки од делокруг на јавните набавки |
| Работни задачи | - ги следи и применува законските и подзаконските прописи од областа на јавните набавки,<br>- спроведува административни работи во врска со постапките за јавни набавки,<br>- прибира информации и податоци во врска со подготовката на годишниот план за јавни набавки,<br>- помага во подготовката на документација (одлуки, записници, извештаи и слично) од областа на јавните набавки,<br>- учествува во следење на реализацијата на договорите за јавни набавки со прибирање на потребни податоци, како и податоци за евиденцијата на набавките под утврдените вредносни прагови,<br>- учествува во оценување на административни службеници. |
| Одговара пред | Раководителот на сектор |

Член 35

Во табеларниот приказ на работни места, член 15, се менува редниот број на работното место со шифра КУЛ0304Г02008, назив стручен соработник за меѓународна дејност, така што наместо реден број 23.а., треба да стои реден број „23.г“.

Член 36

Во табеларниот приказ на работни места, член 15, работното место под реден број 24.б, шифра на работно место КУЛ0304Г03013, назив на работно место друг соработник во културата – во дирекција на НОБ, со број на извршители 1, се брише.

Член 37

Во табеларниот приказ на работни места, член 15, по работното место под реден број 25, назив на работно место уметнички раководител на опера, шифра КУЛ0304Г01001, се додава ново работно место со реден број 25.а, кое гласи:

| Реден број и шифра | 25.а КУЛ0304Г01003 |
|---|---|
| Звање на работно место | Друг раководител |
| Назив на работно место | Друг раководител – за музичко-сценска режија |
| Ниво | Г1 |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Хуманистички науки; Уметности (уметност, историја на уметност, изведувачки уметности, музика), средно музичко образование |
| Други посебни услови | Режисер на 10 наслови |
| Работни цели | Раководење со процесот на режија и режирање претстави и други проекти |
| Работни задачи | - го осмислува режисерскиот концепт на претставата и го води процесот на поставување на претставата на сцена<br>- ги води режиските проби на претстави во кои се јавува како режисер, и обновите на други тековни претстави<br>- ја следи продукцијата и предлага мерки за поквалитетно работење<br>- ги координира и контролира сите аспекти од процесот на подготовка на претставите<br>- дава упатства за дејствијата на сцена<br>- ги реализира пробите и е одговорен за изведбата на програмата под негово водство<br>- го оформува крајниот изглед на претставата/проектот<br>- се грижи за дисциплината за време на одржување на пробите<br>- учествува во доделувањето на улоги. |
| Одговара пред | Уметничкиот раководител на Операта |

Член 38

Во табеларниот приказ на работни места, член 15, работното место под реден број 30.а, шифра на работно место КУЛ0304Б01002, назив на работно место режисер, со број на извршители 1, се брише.

Член 39

Во табеларниот приказ на работни места, член 15, работно место под реден број 40, шифра КУЛ0304А01003, назив на работно место оперски солист првенец, во делот број на извршители, бројот 12 се менува и гласи „10“.

Член 40

Во табеларниот приказ на работни места, член 15, работно место под реден број 41, шифра КУЛ0304А03001, назив на работно место истакнат оперски солист, во делот број на извршители бројот 9 се менува и гласи „11“.

Член 41

Во табеларниот приказ на работни места, член 15, работно место под реден број 42, шифра КУЛ0304А04001, назив на работно место оперски солист носител на средни улоги, во делот број на извршители бројот 7 се менува и гласи „9“.

Член 42

Во табеларниот приказ на работни места, член 15, работно место под реден број 43, шифра КУЛ0304А04001, назив на работно место оперски солист носител на епизодни улоги, во делот број на извршители бројот 5 се менува и гласи „6“.

Член 43

Во табеларниот приказ на работни места, член 15, по работното место под реден број 43, шифра КУЛ0304А04001, назив на работно место оперски носител на епизодни улоги, се додава ново работно место, кое гласи:

| | |
|---|---|
| Реден број и шифра | 44. КУЛ 03 04 А01 005 |
| Звање на работно место | Друг уметник првенец |
| Назив на работно место | Концерт мајстор - солист |
| Ниво | А1 |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Хуманистички науки: Уметности (уметност, историја на уметност, изведувачки уметности, музика) или средно музичко образование |
| Други посебни услови | / |
| Работни цели | Изведување соло и оркестарски делници |
| Работни задачи | - свири во оркестарот како солист за претстави и други проекти,<br>- извршува работни задачи од описот на концерт мајстор<br>- во соработка со водачите ги усогласува штриховите со групите гудачи<br>- може да одреди поинаков распоред за седење во група први виолини и да го предложи тоа на останатите водачи на групи<br>- врши самостојни подготовки и учествува во заедничките подготовки со ансамблите<br>- должен е јавниот настап пред публика да го изведува во координација со останатите учесници а по претходно утврдените концепции во претходните две фази на работа (самостојни и заеднички подготовки).<br>- се грижи за дисциплината во оркестарот за време на проби и претстави и доколку процени дека некој поединец ја нарушува дисциплината може да го отстрани од проба<br>- го прилагодува својот физички изглед кон потребите на претставата вклучувајќи ја и определената гардероба. |
| Одговара пред | Уметничкиот раководител на Операта |

Член 44

Во табеларниот приказ на работни места, член 15, по работното место со реден број 67, шифра КУЛ0304А04023, назив на работно место друг уметник втора група – трет тромбон, се додава ново работно место со реден број 67.а, кое гласи:

| | |
|---|---|
| Реден број и шифра | 67.а КУЛ0304А04023 |
| Звање на работно место | Друг уметник втора група |
| Назив на работно место | Туба со бас тромбон |
| Ниво | А4 |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Хуманистички науки: Уметности (уметност, историја на уметност, изведувачки уметности, музика) или средно музичко образование |
| Други посебни услови | / |
| Работни цели | Изведување оркестарски делници |
| Работни задачи | - изведува оркестарски делници<br>- изведувачот треба да демонстрира голема флексиблност при изведба на своите делници, во смисла на можност за пратење на лидерското свирење на првиот извршител, имитирање на неговиот стил, боја на звук, фразирање, вибрато и неговото чувство на ритам,<br>- учествува на делени проби,<br>- да се штима по својот водач и да биде во можност да реагира брзо на промените на интонација, волумен на звук, вибрато, со цел заедничко и компактно звучење на групата,<br>- го прилагодува својот физички изглед кон потребите на претставата, вклучувајќи ја и определената гардероба. |
| Одговара пред | Уметничкиот раководител на Операта |

Член 45

Во табеларниот приказ на работни места, член 15, по работното место со реден број 72, шифра КУЛ0304А04009, назив на работно место трет дувач – трета флејта со пиколо, се додава ново работно место со реден број 72.а, кое гласи:

| | |
|---|---|
| Реден број и шифра | 72.а. КУЛ0304А04023 |
| Звање на работно место | Друг уметник втора група |
| Назив на работно место | Друг уметник втора група-координатор на оркестар |
| Ниво | А4 |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Хуманистички науки: Уметности (уметност, историја на уметност, изведувачки уметности, музика) или средно музичко образование |
| Други посебни услови | / |
| Работни цели | Координирање на активностите на оркестарот |
| Работни задачи | - ја координира работата на оркестарот<br>- води евиденција за редовноста на оркестарските уметници |

| | |
|---|---|
| | - превзема потребни мерки за непречено одвивање на пробите и претставите (во врска со светло, партитури, столови и слично), и за обезбедување на потрошен материјал за музичките инструменти,<br>- доставува извештаи до дирекција на опера, во врска со отсуства на вработените, за замена на пултеви и за потребите на оркестарот во врска со извршувањето на работните задачи,<br>- учествува во изработката на списокот за учесници во претстави и други проекти, и во организирање на гостувањата на оркестарот. |
| Одговара пред | Уметничкиот раководител на Операта |

Член 46

Во табеларниот приказ на работни места, член 15, работно место под реден број 87, шифра КУЛ0304А06003, назив на работно место член на хор - хорист, во делот број на извршители бројот 78 се менува и гласи „80".

Член 47

Во табеларниот приказ на работни места, член 15, по работното место со реден број 88. шифра на работно место КУЛ0304Г01001 назив на работно место уметнички раководител на Балет, во одделот за уметничко раководење, се додава ново работно место со реден број 88.а., кое гласи:

| | |
|---|---|
| Реден број и шифра | 88.а КУЛ0304Г01003 |
| Звање на работно место | Друг раководител |
| Назив на работно место | Друг раководител – одговорен педагог, репетитор и кореограф |
| Ниво | Г1 |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Хуманистички науки: Уметности (уметност, историја на уметност, изведувачки уметности, музика) или средно музичко-балетско образование |
| Други посебни услови | / |
| Работни цели | Да се грижи за уметничката и техничка подготвеност на балетските играчи |
| Работни задачи | - Го увежбува балетскиот ансамбл и балетските уметници солисти<br>- Води секојдневни кондициони вежби<br>- Се грижи за уметничката и техничката подготвеност на балетските играчи<br>- Повремено присуствува на проби и го следи ефектот од педагошката работа<br>- Дава мислење во врска со поделбата на улогите<br>- Ја следи реализацијата на кореографиите за балетските претстави. |
| Одговара пред | Уметничкиот раководител на Балет |

Член 48

Во табеларниот приказ на работни места, член 15, работно место под реден број 93, шифра КУЛ0304А001001, назив на работно место балетски играч првенец, делот други посебни услови се менува и гласи: „7 одиграни први улоги и 36 претстави".

Член 49

Во табеларниот приказ на работни места, член 15, работно место под реден број 94, шифра КУЛ0304А03002, назив на работно место истакнат балетски играч солист, во делот број на извршители бројот 12 се менува и гласи „11".

Член 50

Во табеларниот приказ на работни места, член 15, работно место со реден број 94, шифра КУЛ0304А03002, назив на работно место истакнат балетски играч солист, делот други посебни услови се менува и гласи: „3 одиграни први улоги, 6 втори улоги и 36 претстави“.

Член 51

Во табеларниот приказ на работни места, член 15, работно место со реден број 95, шифра КУЛ0304А04002, назив на работно место балетски солист носител на средни улоги, делот други посебни услови се менува и гласи: „3 одиграни втори улоги, 6 солистички улоги и 36 претстави“.

Член 52

Во табеларниот приказ на работни места, член 15, работно место под реден број 96, шифра КУЛ0304А05002, назив на работно место балетски играч носител на епизодни улоги, во делот број на извршители бројот 11 се менува и гласи „9“.

Член 53

Во табеларниот приказ на работни места, член 15, работно место под реден број 97, шифра КУЛ0304А06004, назив на работно место балетски играч во ансамбл-балерина, балетан, во делот број на извршители, бројот 40 се менува и гласи „44“.

Член 54

Во табеларниот приказ на работни места, член 15, работно место под реден број 99, шифра на работно место КУЛ0304Г02010, назив на работно место друг стручен соработник, за маркетинг и односи со јавност, делот вид на образование, се менува и гласи: Средно стручно образование – економско правна струка /Високо образование – Општествени науки: Економија и бизнис.

Член 55

Во табеларниот приказ на работни места, член 15, работното место под реден број 109, шифра на работно место КУЛ0304В01001, назив на работно место помошник раководител одговорен за костимирање, со број на извршители 1, се брише.

Член 56

Во табеларниот приказ на работни места, член 15, работно место под реден број 119.а, шифра на работно место КУЛ0405А01009, звање друг работник за сценско визуелни ефекти, назив машински техничар ракувач на сцена во делот број на извршители, бројот 3 се менува и гласи „2“.

Член 57

Во табеларниот приказ на работни места, член 15, работно место под реден број 121.а, шифра на работно место КУЛ0405А01009, звање друг работник за сценско визуелни ефекти, назив електроничар ракувач на сцена во делот број на извршители, бројот 3 се менува и гласи „2“.

Член 58

Во табеларниот приказ на работни места, член 15, работно место под реден број 125, шифра на работно место КУЛ0405А01001, назив на работно место техничар за светло, делот вид на образование, се менува и гласи: средно стручно образование.

Член 59

Во табеларниот приказ на работни места, член 15, работно место под реден број 146, шифра на работно место КУЛ0405В01001, назив на работно место гардеробер, во делот број на извршители, бројот 6 се менува и гласи „5“.

Член 60

Во табеларниот приказ на работни места, член 15, работно место под реден број 147, шифра на работно место КУЛ0405В01001, назив на работно место гардеробер, гардеробер-магационер, делот вид на образование, се менува и гласи: гимназиско, уметничко или средно стручно образование.

Член 61

Во табеларниот приказ на работни места, член 15, работно место под реден број 147.б, шифра на работно место КУЛ0401А02007, назив на работно место друг одговорен сценски работник, електричар за општо одржување, во делот број на извршители, бројот 4 се менува и гласи „3“.

Член 62

Овој правилник влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Управниот одбор на Националната установа Национална опера и балет и Министерството за јавна администрација.

Директор
Оливер Арсовски

Бр. 01-2928/1
09.07.2025